ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15748/2
-4-11-2022 20 Год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА ФИНАСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НА МЕДИЦИНСКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ДИРЕКТОР ВО ЈЗУ УК за ревматологија – Скопје

**ноември, 2022 година**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НА МЕДИЦИНСКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ ДИРЕКТОР ВО

**ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија - Скопје**

**за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година**

Согласно добиениот налог број 08-15748/1 од 25.10.2022 година за вршење на вонредна финансиска контрола, направена е контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ УК за ревматологија.

Контролата е извршена согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот), од страна на овластените финансиски контролори од Фондот дипл.ек. Лилјана Пандиловска и М-р Соња Кузманоска.

Контролата е извршена во октомври 2022 година.

### 1. Основни податоци за раководството од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус |
|---|---|---|
| Директор лекар | Асс.Д-р Башким Османи – специјалист интернист | В.Д. Медицински Директор |
| Директор економист | Хисен Амети | Организациски Директор |

На увид на контролата дадени се за :

- медицински директор Асс.Д-р Башким Османи - Решение за именување на вршител на должност медицински директор со архивски број 11-1783/1 од 22.02.2022 година.
- организациски директор Хисен Амети - Решение за именување на организаациски директор со архивски број 11-7389/3 од 28.10.2019 година. Од страна на одговорните лица во установата кажано беше дека за организацискиот директор нема менџерски договор.

- ➢ Во ЈЗУ УК за ревматологија дадено е на увид Овластување со кои се овластуваат директорите на ЈЗУ УК за ревматологија - Скопје од страна на Министерство за здравство за потпишување на:
  - Анексот за изменување и дополнување на поединечниот Колективен договор со самостојниот синдикат на вработените во Универзитетски клиники,центри,клинички болници и други јавни установи во Република Македонија со број 05-2 од 02.01.2020 година.
- ➢ ЈЗУ УК за ревматологија нема Согласност од Министерство за здравство за воведување дежурства .
- ➢ На контролата не и е дадено на увид одобрување/согласност од МТСП за услови за работа (за скратено работно време).
- ➢ На контролата не и е дадено на увид согласност од МТСП за работа во услови потешки од нормалните .

За медицински директор се дадени на увид:

- Решение на работникот Асс.д-р Б.О. на работно место В.Д. Медицински директор во ЈЗУ УК за ревматологија-Скопје со број 04-675/1 од 17.11.2020 година, во кое се утврдува коефициент на сложеност 8,435.

За организациски директор е дадено на увид:

- Решение на работникот Хисен Амети именуван за Организациски Директор во ЈЗУ УК за ревматологија - Скопје со број 04-244/1 од 25.02.2020 година, во кој се утврдува коефициент на сложеност 8,435.

## Преглед на податоци од пресметка на плата на медицински директор

| Назив по колективен договор | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| **Вредност на бод** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** |
| коефициент на сложеност: | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 |
| минат труд (%): | 8,5 | 8,5 | 8,5 | 8,5 | 8,5 | 8,5 | 8,5 | 8,5 | 8,5 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа ( % ):129% | 6ч | 3ч | 6ч | 6ч | 6ч | нема | 6ч | 6ч | 6ч |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ):116% | 8 ч | нема | 8ч | 8ч | 8ч | нема | 8ч | 8ч | 8ч |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ):155% | 16ч | 16ч | 16ч | 16ч | 16 ч | нема | 16ч | 16ч | 16ч |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ):113% | 48ч | 32ч | 32ч | 32ч | 32ч | 32ч | 48ч | 32ч | 32ч |

Медицински директор во периодот јануари – септември 2022 година има примања по основ плата и тоа:

- Основна плата и
- Минат труд
- Прекувремена работа ( вкупно 45 часа)
- Дежурства (обично дежурство вкупно 56 часа )
- Дежурства (викенд и празник вкупно 128 часа)
- Додаток за остварен повик (вкупно 320 часа)

освен горенаведените примања,нема други додатоци на плата .

## Преглед на податоци од пресметка на плата на организациски директор

| Назив по колективен договор | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| **Вредност на бод** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** |
| коефициент на сложеност: | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 | 8,435 |
| минат труд (%): | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

Организациски директор во периодот јануари – септември 2022 година има примања по основ плата и тоа:

- Основна плата и
- Минат труд

освен основна плата и минат труд нема примања по основ додатоци на плата .

Се води рачна евиденција од овластен вработен за присуство на вработените, без нивни потписи. Читачот за евиденција на работно време спрема исказите на вработените не работи. Во евиденцијата вклучени се податоци и за директорите.

Платата се пресметува со полн фонд на часови во месецот ( зависно од деновите во месецот).

Во Решението и пресметката за плата, коефициентите на сложеност на медицинскиот и организацискиот директориво ЈЗУ УК за реуматологија се 8,435 и не се во согласност со Поединечниот колективен договор. Во КД е наведено:

- за медицинскиот директор во КД од 12.02.2020 година коефициентот на сложеност за „ директори, здравствени работници со специјализација" на Клиники и Универзитетски клиники е во висина од 8,070 додека коефициентот 8,435 се однесува на директори на Универзитетски клинички центар.
- за организацискиот директор во КД од 02.01.2020 година коефициентот на сложеност „ На организациските директори во јавните здравствени установи им се утврдува плата во вкупен коефициент – Клинички болници, универзитетски институти и универзитетски клиники 6,379". Во КД не е наведен коефициент 8,435 за организациски директор.

Вредноста на бодот е во согласност со Спогодбата за најниска плата во здравството (14.090 денари).

Основната плата на медицинскиот директор се пресметува правилно (само основниот коефициент на сложеност помножено со 14.090 денари), меѓутоа како основица за плата на медицинскиот директор се зема коефициент на сложеност кој според КД е определен за директор на Универзитетски клинички центар (8,435) а не за директор на Универзитетски клиники (8,070) и на таа основица се пресметуваат минат труд и други додатоци.

Основната плата на организацискиот директор се пресметува правилно (само основниот коефициент на сложеност помножено со 14.090 денари), меѓутоа како основица за плата на организацискиот директор се зема коефициент на сложеност кој според КД е определен за директор на Универзитетски клинички центар (8,435) а не за директор на Универзитетски клиники (6,379) и на таа основица се пресметуваат минат труд..

Организацискиот директор освен основна плата и минат труд нема примања по основ додатоци на плата ( дежурство, ноќна работа или работа во недела, прекувремена работа, приправност - активна и пасивна).

Медицинскиот директор освен основна плата и минат труд, во периодот јануари – септември 2022 година, има остварено примања по основ додатоци на плата :

- Прекувремена работа (во периодот јануари – септември, вкупно 45 часа).
    - На контролата не и е даден на увид месечен преглед во кој се посебно евидентирани часовите за прекувремена работа. Од страна на ЈЗУ е даден на увид преглед „Др.Башким – 2022 дежурства" (со потпис од заменик главна медицинска сестра и печат од установата), каде се нотирани датумите на дежурство само за директорот во периодот јануари-септември. На наведените датуми после секое дежурство се нотирани 3 часа „прекувремени" .

      На увид дадена е и Одлука од УО со архивски број 05-509 од 06.06.2019 година во која е наведено дека на вработените на клиниката им се исплатува додаток на плата за прекувремена работа во износ од 29% од основната плата,за секој изминат час на прекувремена работа. Во членот 2 од Одлуката стои ,,Прекувремената работа може да изнесува најмногу 10 часа неделно".

- Дежурства во работни денови (во периодот јануари – септември, вкупно 56 часа )

  На контролата и е дадена на увид:

- списоци за дежурства по месеци за сите лекари, со потпис од заменик главна медицинска сестра и печат од установата,
- тетратка за дежурства за 2022 година, се евидентираат дежурствата на директорот и останатите доктори со нивен потпис и краток извештај,
- Од страна на ЈЗУ е даден на увид преглед „Др.Башким – 2022 дежурства“ (со потпис од заменик главна медицинска сестра и печат од установата) каде се нотирани датумите на дежурства само за директорот во периодот јануари-септември. На наведените датуми времетраењето на дежурствата е 8 часа (понеделник-петок) и после секое дежурство се нотирани 3 часа „прекувремени“ .

- Дежурства за викенд и празник (во периодот јануари – септември, вкупно 128 часа)
  На контролата и е дадена на увид:
  - списоци за дежурства по месеци за сите лекари, со потпис од заменик главна медицинска сестра и печат од установата,
  - тетратка за дежурства за 2022 година, се евидентираат дежурствата на директорот и останатите доктори со нивен потпис и краток извештај,
  - Од страна на ЈЗУ е даден на увид преглед „Др.Башким – 2022 дежурства“ (со потпис од заменик главна медицинска сестра и печат од установата) каде се нотирани датумите само за директорот во периодот јануари-септември. На наведените датуми времетраењето на дежурствата е 16 часа (викенд и празник) и после секое дежурство се нотирани 3 часа „прекувремени“ .

- „Дежурство повик“ ( во периодот јануари – септември, вкупно се евидентирани 320 часа)
  Во пресметката за плата - „Дежурство повик“ се пресметува во висина од 113% од сатнината за редовно работно време. Во (преглед „Др.Башким – повик-2022“ ) секое „дежурство повик“ е во траење од 16 часа.

  Во КД во член 14, „ работникот има право на надомест за приправност, кој изнесува без остварен повик 8% од дневницата од неговата плата по час за времето кога бил ангажиран , а за остварен повик 113% од неговата плата по час за времето кога бил ангажиран“.

  Во ЈЗУ УК за ревматологија е донесена Одлука со број 05-539 од 06.08.2018 година, потпишана од двата директора во која се повикуваат на донесена одлука на УО во која „се одобрува воведување на дежурство на повик. Надоместокот на плата за дежурство на повик ќе се исплатува согласно член 14 од Поединечниот КД - дел за плата,други права по основ на плата и надоместоци на плата. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето и ќе се применува од 01.08.2018 година`` .
  На контролата и се дадени на увид:
  - списоци за дежурства на повик по месеци за сите лекари, со потпис од заменик главна медицинска сестра и печат од установата, каде временскиот интервал не е нотиран,
  - тетратка насловена ,,повик“ за 2022 година, во која со краток извештај и потпис е евидентиран директорот ( во јануари 3 денови, февруари 2 денови, март 2 денови, април 2 денови, мај 2 денови, јуни 2 денови, јули 3 денови, август 2 денови и септември 2 денови), каде временскиот интервал не е нотиран .
  - Од страна на ЈЗУ е даден на увид преглед „Др.Башким – повик-2022“ (со потпис од заменик главна медицинска сестра и печат од установата) каде се нотирани датумите со времетраење од 16 часа. .

  На контролата не и е доставена друга евиденција за активна/пасивна приправност со нотирање за временскиот интервал кога активната приправност е реализирана.

Други примања по основ на додатоци на плата во контролираниот период нема.

Во периодот јануари-септември 2022 година директорите не биле на боледување.

Медицинскиот директор има годишен одмор во траење од 24 работни дена, согласно Решение за користење на годишен одмор бр. 04-49/2 од 28.01.2022 година. Медицинскиот директор користел годишен одмор во периодот:
- од 21.02.-04.03.2022 година согласно барање од 18.02.2022 година, барањето не е заведено на архива.

Организациски директор има годишен одмор во траење од 23 работни дена, согласно Решение за користење на годишен одмор бр. 04-49/1 од 28.01.2022 година .Организацискиот директор користел годишен одмор во периодот:
- од 18.09.-31.09.2022 година согласно барање од 14.09.2022 година, барањето не е заведено на архива.

Во 2022 година за медицинскиот директор и за организацискиот директор од страна на Управниот одбор донесени се одлуки со број 02-252/1 од 12.05.2022 и 02-252/2 од 12.05.2022 година за присуство на Меѓународен конгрес EULAR од 31.05.2022 до 04.06.2022 во Копенхаген, Данска .Во одлуките наведено е да се исплатат дневници, престој и патни трошоци за службеното патување.

За патувањето на контролата не и е даден на увид патен налог.

**Скопје,**
**03.11.2022 година**

**Директор на сектор за финансиски прашања**
**Миле Сугарев**

**Финансиски контролори:**

М-р Соња Кузманоска ______________

дипл. екк. Лиљана Пандиловска ______________